Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К

од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,

одржана на 18 октомври 2022 година

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 18 октомври 2022 година**

Седницата започна во 13:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 85-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година
- Усвојување на Записникот од 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 октомври 2022 година
- Усвојување на Записникот од 87-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2022 година
- Усвојување на Записникот од 89-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2022 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Статус на реализација на Рамковниот договор
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година – 31 декември 2022 година
- Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово
- Информација со Акциски план за постапување по препораките на КПТ (точка 8 од Извештај 2019 и точка 5 од Извештај 2020) за КПД Идризово по препораките на СЕБ

1. Информација во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште , со текст на Договор и предлог-одлуки

2. Информација во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки

3. Информација во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки

4. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-952/1 од 21.6.2018 година и Анекс на Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-952/1 од 21.6.2018 година со бр.09-1244/1 од 19.9.2019 година, склучени со Зенитх Интернатионал Продуцтс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со Предлог-одлука

6. Информација од ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

8. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение на граѓани Доброволно противпожарно друштво „Горици оператива" – Конче

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

10. Годишна сметка за 2021 година и Годишен извештај за работењето за 2021 година на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Ц.О. Скопје за периодот 1.1.2021 година-31.12.2021 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

12. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, со Предлог-одлука

13. Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето за 2021 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

14. Информација за покренување на постапка за одржување на XVI годишно Собрание на акционери на ГА-МА АД Скопје, со предлог-одлуки

15. Информација за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"-Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука

16. Информација за престанок на користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со Предлог-одлука

17. Барање за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука

18. Барање на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во Општина Радовиш, со Предлог-листа

19. Барање за предавање во владение на објекти од КП 486 и КП 487, во КО Скочивир, доставено од Општина Новаци

20. Предлог на закон за претворување на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитор во траен влог во Јавното претпријатие Колекторски систем

21. Информација за статусот на имплементација на Повеќегодишната акциска програма за „Животна средина" и „Климатски акции" и Транспорт од ИПА 2 на Република Северна Македонија, како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2022 година

22. Информација за доставено Барање број 11-7204/1 од 12.8.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Општина Ѓорче Петров, поради неможност за отплата на доспеаните обврски

23. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-8374/1 од 4.8.2022 година, поднесено од Општина Чашка, со Договор за регулирање на долг

24. Информација за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

25. Информација за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2022 година

26. Предлог-одлука за утврдување на финансиските услови за препозајмување на дел од средствата од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка наменет за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор

27. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица, Гевгелија во деловната просторија во хотел „Принцесс“, кој се наоѓа на Граничен премин Богородица бр.47/1-2, Богородица, Гевгелија

28. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Казан“, Општина Сопиште, со предлог – одлуки

29. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Панорама спа, Крушево, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од хотел Шатор, Битола, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Камник-Скопје, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ибис, Скопје, со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Тасино чешмиче-Скопје, со Предлог-решение

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Стори – Скопје

36. Информација во врска со Барањето на концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Радовишка со реф.бр.305, со текст на Спогодба

37. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Анекс бр.4 на Договорот

38. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф. бр. 15 и МХЕЦ Железна со реф.бр. 17, со текст на Анекс бр.4 на Договорот

39. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа, МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр.3 на Договорот

40. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

41. Информација во врска со потреба од изменување на Одлуката за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми, со Предлог-одлука

42. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

43. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Крушево, Ресен, Струга, Кичево, Велес, Свети Николе, Кратово, Берово, Радовиш, Кавадарци и Неготино, со Предлог-одлука

44. Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на автопат Демир Капија-Смоквица КО Милетково, Општина Гевгелија, со Предлог – одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог-одлука

46. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2022 година

47. Предлог-решенија за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен и за вршење стопански риболов

48. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија и Владата на Република Словенија во врска со аранжманите на земјата домаќин за статусот на Постојаната организација на Балкански медицински наменски сили и нејзиниот персонал

49. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на дијаспората

50. Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Национален акциски план за мало и лесно оружје (МЛО) 2022 – 2024 година

51. Информација за иницирање и испитување на условите за пристапување кон Центар за извонредност за кооперативна сајбер одбрана (CCDCOE)

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1447 на Советот од 1 септември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

54. Извештај за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на меѓународните роаминг тарифи за телекомуникациски услуги, со усогласен текст на Меморандум

55. Информација за одржаниот Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија (ЕК) во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа на 17 и 18 ноември 2021 година преку видео конференциска врска

56. Информација за одржување на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 16 декември 2021 година, со прилози

57. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за одгледување, производство, трговија и услуги А&Ј Греен Хоусе ДОО експорт-импорт с.Неготино – Полошко, Врапчиште за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

58. Информација за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Чилам ДОО Скопје, со Предлог-одлука

59. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство и трговија Фарма медика канабис ДОО Валандово, со Предлог-одлука

60. Информација за определување институција-координатор, одговорна за координација на изработката и следење на имплементацијата на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 – 2025 година

61. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево

62. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ Сали Лиси, с.Добри Дол)

63. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ООУ Наим Фрашери, с.Неготино, Полошко)

64. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (ООУ „Мехмед Дерала“, с.Градец, Врапчиште)

65. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ООУ „Врапчиште“, с.Врапчиште)

66. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (ООУ „Панајот Гиновски“, Бутел)

67. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Лиман Каба“, с.Љуботен- Бутел, Скопје)

68. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Ацо Шопов“- Бутел, Скопје)

69. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (ООУ „Живко Брајковски“, Бутел- Скопје)

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“-Скопје

72. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“-Скопје

73. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното општинско училиште „Св. Наум Охридски“-Македонски Брод

74. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното општинско училиште „Кочо Рацин“-Свети Николе

75. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното општинско училиште со ученичкиот дом „Димитар Влахов“-Струмица

76. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“-Гостивар

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“-Струга

79. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“-Крива Паланка

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклински“-Кратово

82. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година

83. Годишен извештај за работата на ректорот на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“-Охрид за периодот мај 2021 – мај 2022 година

84. Извештај за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021-јуни 2022 година и Програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2022-јуни 2023 година

85. Иницијатива поднесена од Здружение на граѓани (ЗГ) „Засегнати сопственици на недвижен имот“-Берово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.86/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел, донесена од Влада на Република Северна Македонија под бр.40-10735/1 од 14.12.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.286/21)

86. Понуда од нотар Наталија Кујунџиева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1725, за КО Кавадарци, на КП бр.10333, викано место/улица „Орце Николов“

87. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 6587, за КО Битола 5, на КП бр. 1589, викано место/улица „Кафтанџица“, со дополнување

88. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2104 за КО Бутел, КП бр.5999 на викано место/улица „Македонско-косовска бригада 18“ бр.9, со дополнување

89. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бардовци, на КП бр.682, викано место/улица „Бозелки“

90. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.279 за КО Криви Дол, на КП бр.229/1, викано место/улица „Ушите“, со дополнување

91. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2114 и Имотен лист бр.42 за КО Бардовци, на КП бр.1222, викано место/улица „Село“

92. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.13987, за КО Охрид 2, на КП бр.12033/1, викано место/улица „Никола Карев“ бр.43, со дополнување

93. Кадровски прашања

94. Прашања и предлози

95. Информација за текот на активностите за зајакнување на здравствената заштита на осудените лица, во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија, согласно Националната стратегија за развој на пенитенцијалниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година

96. Акциски план за преземање мерки, активности, рокови за реализација и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола [Сметка за средства од Фондот 737 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)]

97. Конечен извештај за извршената ИТ ревизија, како ревизија на успешност на тема „Функционалност на платформата за интероперабилност помеѓу институциите од јавниот сектор“

98. Конечен извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од Фондот 737)

99. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи за период од 1 јули до 31 декември 2021 година

100. Информација во врска со ревизорскиот извештај на Државен инспекторат за труд

101. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем за период од 1 април до 30 јуни 2022 година

102. Извештај за финансиско работење на АД „МИА“-Скопје за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година

103. Информација на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за преземените активности по однос на прашањата кои се основа за „Мислење со резерва на ревизорот“

104. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2022 година

105. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

106. Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

107. Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година

108. Извештај за извршувањето на потставките 412110–Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110–Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година

109. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2021 година

110. Информација за статусот на спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем за мониторинг на бучава“

111. Информација за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух

112. Информација за спроведувањето на прекршочните постапки во текот на 2021 година и изречените глоби од страна на Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање

113. Информација за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА II-прекугранична соработка за периодот јули-декември, 2021 година

114. Информација со споредбена анализа за потрошена електрична енергија од државните институции

115. Информација за посетата на министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи на Голо Брдо и Пустец и остварените средби со претставниците на Македонското национално малцинство во Република Албанија, со Акциски план

116. Информација за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки

117. Информација за проектот „Дигитален асистент за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија"-Државна помош

118. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија

119. Информација за активностите на Меѓуресорската работна група за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година

120. Извештај за завршени преговори со усогласен текст на петтата Програма за соработка во областа на образованието, науката и културата меѓу Република Северна Македонија и Италијанската Република за периодот 2022-2025 година

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 85-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година, Записникот од 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 октомври 2022 година, Записникот од 87-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2022 година и Записникот од 89-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2022 година.

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата заклучи:
- Се задолжуваат органите на државната управа, а им укажа на институциите кои немаат статус на орган на државна управа во актот за систематизација да предвидат соодветен број работни места за преведувачи согласно потребите, надлежностите и обемот на работа на институцијата,

а доколку е потребно и соодветна организациона единица со цел распоредување на вработените административни службеници-преведувачи, лектори и редактори од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во институциите од јавниот сектор, со преземање.

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година - 31 декември 2022 година**

Владата го разгледа Известувањето на Министерството за финансии за изменување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година – 31 декември 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, го прифати и заклучи:

1. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, стар рок јули-Предлогот се повлекува од Агендата поради потребата наведените измени да се стават во ново законско решение.

- Предлог на закон за сметководство на буџетите и буџетските институции, стар рок септември-да се помести во 2023 година, согласно динамиката на активности.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за фондот за осигурување на депозити-стар рок септември-да се помести во 2023 година, поради повеќекратните мисии на тимот на експерти од Светска банка.

- Предлог на закон за ревизија, стар рок септември-да се помести во 2023 година, поради повторното објавување на ЕНЕР и меѓуресорската консултација.

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за финансирање на проекти за зелени инвестиции за заштеда на енергија и обновливи извори на енергија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје-стар рок октомври, нов рок ноември од причина што Европската инвестициона банка се уште нема доставено нацрт-договори кои треба да бидат предмет на преговори.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, стар рок ноември-нов рок декември, бидејќи се работи за обемни измени во Законот во кој се имплементирани повеќе ЕУ даночни директиви и регулативи.

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје, стар рок ноември-согласно динамиката на активностите да се помести во 2023 година.

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија, стар рок ноември-согласно динамиката на активностите да се помести во 2023 година.

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија-стар рок ноември-согласно динамиката на активностите да се помести во 2023 година.
- Предлог на закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија- стар рок декември-да се помести во 2023 година, од причина што овој Закон се донесува за прв пат и потребно е негово усогласување со законодавството на Република Северна Македонија и на Европската Унија, како и со Националната стратегија на Република Северна Македонија, која е во подготовка.

- Предлог на закон за ревизија на ИПА-стар рок декември-согласно динамиката на активностите да се помести во 2023 година.

- Предлог на закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите-стар рок декември-да се помести во 2023 година, бидејќи се работи за сложен закон во кој се имплементирани ЕУ директиви и регулативи.

- Предлог на закон за финансиски инструменти-стар рок декември-да се помести во 2023 година, бидејќи се работи за многу обемен и сложен закон во кој се имплементирани повеќе ЕУ директиви и регулативи.

- Предлог на закон за закрепнување на банки со проблеми-стар рок декември-да се помести во 2023 година, заради сложеноста на законот и важноста на истиот за финансиската стабилност во Република Северна Македонија.

- Предлог на закон за осигурување- стар рок – декември, да се помести во 2023 година, од причина што овој предлог на закон е се уште во работна верзија.

- Предлог на закон за алтернативни инвестициски фондови-стар рок декември да се помести во 2023 година од причина што овој предлог на закон се подготвува со консултантска помош од Светска банка и е се уште во работна верзија.

- Предлог на закон за државната статистика-стар рок декември, се предлага повлекување на Предлогот од Агендата за 2022 година, од причини што реформата на државната администрација ќе се менува и поставеноста на Заводот за статистика како и од потребата за усогласување со предвидените измени на Регулативата на ЕУ од областа на статистиката.

- Предлог на закон за банки-стар рок декември, да се помести во 2023 година, од причина што овој предлог на закон е поврзан со донесувањето на Законот за закрепнување на банки со проблеми.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка. Овој закон не е во Програмата за работа на Владата за 2022 година, а се предлага за декември 2022 година.

Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2022-31.12.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2022-31.7.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

**Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово**

Владата се информираше со Информацијата со Акциски план за постапување по препораките на КПТ (точка 8 од Извештај 2019 и точка 5 од Извештај 2020) за КПД Идризово по препораките на СЕБ.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со ДПТУ Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје како закупец на земјиште, со текст на Договор и предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг и Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-952/1 од 21.6.2018 година и Анекс на Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-952/1 од 21.6.2018 година со бр.09-1244/1 од 19.9.2019 година, склучени со Зенитх интернатионал продуцтс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-952/1 од 21.6.2018 година и бр.09-1244/1 од 19.9.2019 година склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги Зенитх интернатионал продуцтс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата од ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение на граѓани Доброволно противпожарно друштво „Горици оператива“ – Конче, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај за работењето за 2021 година на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Ц.О. Скопје за периодот 1.1.2021 година-31.12.2021 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Ц.О. за периодот 1.1.2021 година- 31.12.2021 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата по најновиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, ц.о. – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето за 2021 година на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2021 година, во предложениот текст и

- Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на XVI годишно Собрание на акционери на ГА-МА АД Скопје, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на ГА-МА АД-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на ГА-МА АД – Скопје во 2021 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка на ГА-МА АД-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Александар Арсиќ), во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Владимир Талевски), во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Рафис Аљити), во предложениот текст.

7. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Ристо Талевски), во предложениот текст.

8. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Радко Манов), во предложениот текст.

9. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Љубе Ѓорѓиевски), во предложениот текст.

10. Одлуката за одобрување на работата  и на водењето на работењето со ГА-МА АД-Скопје на член на Одборот на директори за 2021 година (Саша Лекиќ), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата по Барањето за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука не ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовник за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите.
Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветен предлог, односно барање за давање на автентично толкување на членот 4-а од Законот за градење.

**Точка 18**

Владата го разгледа Барањето на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во Општина Радовиш, со Предлог – листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во Општина Радовиш.

**Точка 19**

Владата го разгледа Барањето за предавање во владение на објекти од КП 486 и КП 487, во КО Скочивир, доставено од Општина Новаци, под бр.03-153/2 од  11 февруари 2022 година и заклучи да ја информира Општина Новаци дека Владата се има произнесено со Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Новаци бр.42-1802/1 од 7 јули 2014 година.

**Точка 20**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за претворување на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитор во траен влог во Јавното претпријатие Колекторски систем, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието да ги се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Милица Неделковска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на имплементација на Повеќегодишната акциска програма за „Животна средина“ и „Климатски акции“ и Транспорт од ИПА 2 на Република Северна Македонија, како и преглед за проценка на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да организираат состанок со Делегацијата на Европската Унија, националниот координатор за авторизација и националниот ИПА координатор на кој ќе се разгледаат можните решенија за избегнување или намалување на ризикот од губење на средства од оваа програма и за предлог-решенијата да ја информираат Владата во рок од 30 дена.

2. Се задолжува националниот ИПА координатор да одржува редовни месечни состаноци со ИПА структурите во Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање и со директорите на Јавното претпријатија за државни патишта и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура ,,Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, со цел поблиску следење на имплементацијата на проектите, започнувајќи од 1 ноември 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии да организираат средба со Град Скопје и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“-Скопје со цел изнаоѓање на соодветно решение во врска со решавање на проблемот за реализација на проектот за Подобрување на инфраструктурата за отпадни води во Град Скопје и за истото да ја информираат Владата во рок од 15 дена.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-7204/1 од 12.8.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Општина Ѓорче Петров, поради неможност за отплата на доспеаните обврски, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Ѓорче Петров, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 3.825.142,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 31 октомври 2022 година.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-8374/1 од 4.8.2022 година, поднесено од Општина Чашка, со Договор за регулирање на долг, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Чашка, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг по основ на главница во износ од 1.628.946,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 31.10.2022 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД и ја усвои, со следниот заклучок:

-Го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2021 година, во рок од 30 дена.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2022 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2022 година, најдоцна во рок од 30 дена.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на финансиските услови за препозајмување на дел од средствата од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка наменет за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица, Гевгелија во деловната просторија во хотел „Принцесс“ кој се наоѓа на Граничен премин Богородица бр.47/1-2, Богородица, Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Казан“, Општина Сопиште, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Панорама спа, Крушево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Шатор, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Камник-Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ибис, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тасино чешмиче-Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Стори – Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за економија да го извести барателот дека угостителскиот објект не ги исполнува условите за категоризација.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Радовишка со реф.бр.305, со текст на Спогодба и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

-Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да ја склучи Спогодбата за заемно раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Радовишка со реф.бр.305, заведен под број 11-2437/1 од 11.4.2018 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Анекс бр.4 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр.4 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14.4.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево најмалку до 14.6.2023 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф. бр. 15 и МХЕЦ Железна со реф.бр. 17, со текст на Анекс бр.4 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата како концедент да го склучи Анекс бр.4 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф. бр. 15 и МХЕЦ Железна со реф.бр. 17, бр. 11-4342/ 1 од 7.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 1.11.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф. бр. 15 и МХЕЦ Железна со реф.бр. 17, најмалку до 30.12.2023 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа, МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр.3 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата како концедент да го склучи Анекс бр.3 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, бр. 11-795/1 од 30.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 2.3.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, најмалку до 1.5.2023 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 1.2.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 1.4.2023 година.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потреба од изменување на Одлуката за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Крушево, Ресен, Струга, Кичево, Велес, Свети Николе, Кратово, Берово, Радовиш, Кавадарци и Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Крушево, Ресен, Струга, Кичево, Велес, Свети Николе, Кратово, Берово, Радовиш, Кавадарци и Неготино, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на автопат Демир Капија-Смоквица КО Милетково, Општина Гевгелија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на Автопат Демир Капија-Смоквица КО Милетково, Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња“, во предложениот текст.

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче“, во предложениот текст.

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2-Прилепски“, во предложениот текст.

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија и Владата на Република Словенија во врска со аранжманите на земјата домаќин за статусот на Постојаната организација на Балкански медицински наменски сили  и нејзиниот персонал, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана а за повереници Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на дијаспората, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а

за повереници Игор Попов, директор во Министерството за надворешни работи и Сашо Марковски, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Националниот акционен план за мало и лесно оружје (МЛО) 2022 – 2024 година, го усвои новиот текст на Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и го прифати новиот текст на Националниот акциски план за мало и лесно оружје (МЛО) 2022 – 2024 година.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за иницирање и испитување на условите за пристапување кон Центар за извонредност за кооперативна сајбер одбрана (CCDCOE), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана да иницира постапка и да ги испита условите за пристапување кон Центарот за извонредност за кооперативна сајбер одбрана (CCDCOE) и да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на преземените активности за иницирање и испитување на условите за пристапување, до 31 јануари 2023 година.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1447 на Советот од 1 септември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на меѓународните роаминг тарифи за телекомуникациски услуги, со усогласен текст на Меморандум и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на меѓународните роаминг тарифи за телекомуникациски услуги .

2. Се определува м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на меѓународните роаминг тарифи за телекомуникациски услуги.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија (ЕК) во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој се одржа на 17 и 18 ноември 2021 година преку видео конференциска врска и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи во соработка со Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика да го финализираат процесот на

ратификација на Хашките конвенции и тоа: Конвенцијата за заштита на децата (1996), Конвенција за избор на суд (2005) и Конвенција и протокол за издршка на деца (2007), до 31.12.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за правда, во рамки на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО, да продолжи со следење и преземање активности во насока на натамошна имплементација на преостанатите препораки на ГРЕКО од четвртиот и петтиот круг на евалуација, во соработка со институциите надлежни за имплементација на истите.

3. Се задолжува Управата за извршување санкции да достави до Владата Информација со предлог решенија за одржување на опремата за електронски систем за следење и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања до 31.10.2022 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација да обезбедат сигурно финансирање од државниот буџет на јавниот радиодифузен сервис, обезбедувајќи зголемување во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се поддржат значајни реформи, до 31.12.2022 година.

5. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација, да го унапредат процесот на усогласување на актите кои содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација до 31.10.2022 година.

6. Се задолжува Министерството за правда да го координира процесот на изработка на предлог на закон за матичната евиденција во кој меѓу другото, се уредува постапката за правно признавање на родот, по пресудата од Европскиот суд за човекови права од јануари 2019 година, до 1.7.2023 година.

7. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го активира статутарното тело одговорно за надзор над спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето (КПД) како механизам за следење на спроведувањето на КПД, до 31.10.2023 година.

8. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви акциски план за превенција и заштита на децата, поддржан со соодветна буџетска распределба и секторски модели кои ќе обезбедат ефективни услуги за децата, до 30.6.2023 година.

9. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди следење и известување за спроведување на деактивирањето на огнено оружје, до 31.12.2022 година.

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја зајакне контакт точката за огнено оружје во Министерството за внатрешни работи, до 31.10.2022 година.

11. Се задолжува Министерството за здравство формално да ја основа Националната опсерваторија за дроги и подобрување на капацитетот за навремена размена на податоци со Европскиот центар за мониторирање на дроги и зависности од дроги (MCDDA), до 31.12.2022 година.

12. Се задолжува Министерството за здравство да го изготви Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции во согласност со правото на Европската Унија и меѓународните стандарди, до 31.12.2022 година.

13. Се задолжува националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам да ја подготви Заедничката проценка на заканите преку TeSAT методологијата, до 31.12.2022 година.

14. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди податоци за сите случаи на стекнување државјанство за особен економски интерес и да ги достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, до 31.10.2022 година.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 16 декември 2021 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи да ја информира Европската комисија за плановите за нов интегриран ИТ даночен систем за Управата за јавни приходи, подобрување на управувањето со ризикот за усогласеност и дополнително проширување на е-услугите за даночните обврзници, преку Секретаријат за европски прашања на англиски јазик, најдоцна до 31.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да подготви Предлог на закон за изменување на Законот за технолошко индустриски развојни зони, во согласност со барањата на Форумот за штетни даночни практики (на ОЕЦД) и заложбата испратена од страна на Владата до Советот на Европската Унија (Code of Conduct Group), и истиот да го достават до Владата најдоцна до 31.10.2022 година.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи да ги спроведат сите потребни активности во насока на ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, потпишан во 2014 година, најдоцна до декември 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Северна Македонија, преку Секретаријатот за европски прашања до Европската комисија да достави информации на англиски јазик за тековните и предвидените извозни кредити и програми за осигурување на извозот (вклучувајќи информации за новите мерки за поддршка на извозот кои се дел од Планот за забрзан економски раст), како и за плановите за усогласување со Регулативата на ЕУ 1233/2011, најдоцна до 30.11.2022 година.

5. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Фондот за иновации и технолошки развој, да подготви листа на сите предвидени евалуации за различните акциски планови и органите кои ги спроведуваат, со временска рамка и извор на финансирање и преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да ја достави до Европската комисија најдоцна до 30.11.2022 година.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија да подготви список на јавни претпријатија во Република Северна Македонија (во централна сопственост со јавно учество од најмалку 10%) со области на активност, јавна цел и каква било оперативна привилегија или регулаторно ослободување и преку Секретаријатот за европски

прашања, на англиски јазик да го достави до Европската комисија најдоцна до 31.10.2022 година.

7. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да достави до Европската комисија, информации за планираните мерки за зголемување на ефикасноста и капацитетот на државните компании и нивно реструктуирање најдоцна до 30.11.2022 година.

8. Се задолжува Министерството за економија да го донесе Правилникот за известување за опасни производи пуштени на пазарот од страна на производителите и дистрибутерите, а до Владата да ја достави Предлог-уредбата за начинот на воспоставување и работа на системот за брза размена на информации, најдоцна до 30.11.2022 година.

9. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија информации за имплементација на Акцискиот план од 2009 година за отстранување на нетарифните бариери во трговијата, на англиски јазик, најдоцна до 30.11.2022 година.

10. Се задолжува Министерството за економија да усвои нова национална стратегија за хоризонтално законодавство за слободно движење на стоки, вклучувајќи Акциски план за градење капацитети за спроведување на правната рамка во областа на слободното движење на стоки, најдоцна до 30.11.2022 година.

11. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања да ги достави до Европската комисија Нацрт-правилникот за едноставни садови под притисок, Нацрт-правилникот за електромагнетна компатибилност, Нацрт-правилникот за опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери, Нацрт-правилникот за опрема под низок напон, Нацрт-правилникот за апарати на гас, Нацрт-правилникот за пренослива опрема под притисок, Нацрт-правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови, Нацрт-правилникот за пуштање на пазар за лична заштитна опрема, Нацрт-правилникот за опрема под притисок, Нацрт-правилникот за суштествени барања за производство, пласирање на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација и Нацрт-правилникот за радио опрема, со кореспондентни табели, на англиски јазик, најдоцна до 30.11.2022 година.

12. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија новиот Предлог на закон за надзор на пазарот, на англиски јазик, најдоцна до 30.11.2022 година.

Истовремено, им се укажува на институциите дека истите се важен дел од усогласениот Записник и треба да  постапат по нив, како и да се извести за нивната реализација во подготвителниот материјал за Деветнаесеттиот состанок на поткомитетот, кој ќе се одржи на 1 декември 2022 година.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за одгледување, производство, трговија и услуги А&Ј Греен Хоусе ДОО експорт-импорт с.Неготино – Полошко, Врапчиште за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за одгледување, производство, трговија и услуги А&Ј Греен Хоусе ДОО експорт-импорт с.Неготино – Полошко, Врапчиште, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Чилам ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Чилам ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство и трговија Фарма медика канабис ДОО Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство и трговија Фарма медика канабис ДОО Валандово, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за определување институција-координатор, одговорна за координација на изработката и следење на имплементацијата на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 – 2025 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да ги преземе потребните активности за координирање на изработката на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 – 2025 година и заклучно со декември 2022 година да подготви и достави до Владата, Стратегија за формализирање на неформалната економија 2023 – 2025 година, со Акциски план.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ОУ „Сали Лиси“, с.Добри Дол), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ООУ „Наим Фрашери“, с.Неготино, Полошко), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (ООУ „Мехмед Дерала“, с.Градец, Врапчиште), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште (за потребите на ООУ „Врапчиште“, с.Врапчиште), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (ООУ „Панајот Гиновски“, Бутел), во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Лиман Каба“, с.Љуботен- Бутел, Скопје), во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Ацо Шопов“- Бутел, Скопје), во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (ООУ „Живко Брајковски“, Бутел- Скопје), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Средното медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“-Скопје , во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Средното општинско училиште „Св. Наум Охридски“-Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Средното општинско училиште „Кочо Рацин“-Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Средното општинско училиште со ученичкиот дом „Димитар Влахов“-Струмица , во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“-Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“-Струга, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“-Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклински“-Кратово, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на ректорот на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“-Охрид за периодот мај 2021 – мај 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Во Годишниот извештај за работата на ректорот на Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“-Охрид за периодот мај 2021 – мај 2022 година, се дадени сите статистички податоци со графикони за академската 2021/2022 година, за бројот на студиските програми, вкупниот број на запишани студенти на прв и втор циклус, наставниот кадар, одржаните предавања на визитинг професори, настани, меѓународна соработка, Статутот на Универзитетот, самоевалуацијата и Финансискиот извештај за 2021 година (буџетска сметка, сопствена сметка и проектни сметки, приходи остварени во 2021 година, расходи и добивка).

На Универзитетот „Св. Апостол Павле“-Охрид е формиран и Универзитетски совет, Универзитетско студентско собрание, Студентски правобранител, избирани се и декани во редовна постапка, со мандат од три години.

Во текот на 2021 година е извршено избор на нов наставен кадар, а во 2022 и унапредување во наставно-научни звања, како и избор на демонстратори и помошници во наставниот процес.

Согласно податоците содржани во табелата за домашниот академски кадар на Универзитетот „Св. Апостол Павле“ – Охрид е искажана потребата за нови вработувања во делот на наставно-научен и соработнички кадар.

Универзитетот воспостави систем за заштита на личните податоци, со назначување на офицер за заштита на личните податоци, овластени лица кои имаат пристап до личните податоци и администратори на информацискиот систем.

Универзитетот во насока на формално уредување на прашањето за пријавување на корупција има подготвено и усвоено Правилник за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција, Акциски план за спречување на корупција и Политика за спречување на политика, Акти за борба против корупција и склучи Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со одлука на Сенатот е основан Центарот за дигитални уметности, кој ќе иницира низа активности за вмрежување и воспоставување партнерство со слични центри и универзитети.

Во однос на точка 7 Финансиски извештај за 2021 година, каде е наведен степенот на реализација на средствата по расходни категории и ставки, како и намената на потрошените средства, се укажува на потребата од нејзино ревидирање и усогласување со трезорската евиденција, од причина што постои несовпаѓање на наведените финансиски податоци.

Имајќи го предвид горенаведеното,  Владата на Република Северна Македонија, нема други забелешки.

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021-јуни 2022 година и Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2022-јуни 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Сите активности и документи кои ги носи Националниот совет се во насока на подобрување на квалитетот во високото образование, наука и истражувањето.

Од целокупната работа на Националниот совет најмногу придобивки ќе имаат студентите, високообразовната и деловната заедница, преку подобрени квалификации и студиски програми.

Доставениот извештај претставува ретроспектива на реализираните активности за период од јуни 2021 година до јуни 2022 година, планирани активности за период од јули 2022 година до јуни 2023 година и Програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за истиот период.

Согласно ова Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021-јуни 2022 година.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружение на граѓани (ЗГ) „Засегнати сопственици на недвижен имот“-Берово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.86/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел, донесена од Влада на Република Северна Македонија под бр.40-10735/1 од 14.12.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.286/21) и притоа го утврди следново мислење:

Малешевските Планини се вклучени во Националната Емералд мрежа, која претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување кои Република Северна Македонија ги идентификуваше согласно обврските и критериумите кои произлегуваат од Бернската конвенција во период од 2002 до 2008 година.

Основен законски пропис со кој се регулира постапката за прогласување на заштитени подрачја е Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18). Согласно член 92 став 2 од овој закон, категоријата на заштитено подрачје-Заштитен предел го прогласува Владата на Република Северна Македонија. За оправданоста од прогласувањето на дел од Малешево за заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата, изработена е Студија за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на Заштитен предел-Малешево. Студијата е подготвена од страна на Македонското еколошко друштво (МЕД), во рамки на Програмата за зачувување на природата (ПЗП) во Северна Македонија – фаза 2, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координирана од Фармахем од Скопје во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање, како главен партнер на проектот и корисник на резултатите од истиот.

Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на Заштитен предел-Малешево е изготвена согласно член 92 став (5) од Законот за заштита на природата и Правилникот за содржината на студијата за валоризација и ревалоризација на заштитени подрачја („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/12).

Во текот на изработката на Студијата била извршена комуникација со засегнатите страни, анализата на плановите за развој и искористување на природните ресурси, големината на подрачјето, потребите на населението и традиционалните вредности, при што било утврдено дека категоријата Заштитен предел најдобро ја отсликува специфичната интеракција на луѓето и природата на Малешево.

Од страна на општините Берово и Пехчево до Министерството за животна средина и просторно планирање биле доставени дописи (бр. 11-1846/1 од 26.3.2021 и 11-1845/1 од 26.3.2021 година) со иницијатива за прогласување на заштитено подрачје-Малешево заедно со Студија за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина, со предлог за формирање на Заштитен предел-Малешево. Воедно во дописите било наведено дека општините Берово и Пехчево, локалното население и засегнатите страни сметале дека прогласувањето на заштитено подрачје-Малешево ќе придонесе кон зачувување на неговите природни вредности, интегрирано управување со природните ресурси и ќе овозможи подобар развој на микрорегионот Малешевија во целост.

Иницијативата за прогласување на заштитено подрачје-Малешево е поткрепена со Одлука за давање согласност за отпочнување на процедура за прогласување на заштитено подрачје „Малешево“, донесена од Советот на Општина Пехчево (бр.08-1593/1 од 21.12.2020 година) и Одлука за усвојување на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина, со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево“, донесена од Советот на Општина Пехчево (бр.08-1592/1 од 21.12.2020 година), како и Одлука за давање согласност за отпочнување на процедура за прогласување на заштитено подрачје „Малешево“, донесена од Советот на Општина Берово (бр.09-4318/1 од 29.12.2020 година) и Одлука за усвојување на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево“, донесена од Советот на Општина Берово (бр.09-4317/1 од 29.12.2020 година).

Иницијативата е поткрепена и со Одлука за давање согласност за отпочнување процедура за прогласување на заштитени подрачја Осоговски Планини и Ченгино Кале, донесена од страна на Советот на Источно плански Регион (бр.02-142/1 од 25.4.2018 година).

Врз основа на Студијата, Министерство за животна средина и просторно планирање подготви Информација за потребата од прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел. Информацијата заедно со Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V – Заштитен предел, беа доставени на разгледување до Владата. Исто така, Информацијата за потребата од прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел беше доставена на мислење до релевантни државни институции.

Од страна на Националниот совет за заштита на природата, кој е формиран во согласност со Законот за заштита на природата, добиено е позитивно мислење (бр.11-2265/6 од 26.4.2021 година) по однос на предлогот за прогласување на заштитено подрачје Малешево во категорија V- Заштитен предел.

Влада на Република Северна Македонија на 87-та седницата, одржана на 13 јули 2021 година, ги донесе следните заклучоци:

- Ја разгледа и усвои Информација за потребата од прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V-заштитен предел,

- Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V – Заштитен предел,

- Го задолжи Министерство за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по предлогот и да изготви конечен предлог за прогласување на Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел и најдоцна до крајот на септември 2021 година да го достави на усвојување до Владата.

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 113/18 и 151/21) и Нацрт-записникот од Осумдесет и седмата седница на Владата (одржана на 13.7.2021 година), Министерството за животна средина и просторно планирање на 2.9.2021 година одржа Јавна расправа по Нацрт-одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел. Поради актуелната ситуација со пандемијата предизвикана од ковид-19 јавната расправа беше организирана онлајн на ЗООМ платформата. Воедно, заради транспарентност во постапката и вклучување на локалното население се спроведе репродукција во живо на јавната расправа во општините Берово и Пехчево. Локалното население можеше да ја следи и учествува на јавната расправа преку видео бимови кој беа поставени во Општина Берово, во дворот на детската градинка ОУДГ „23 Август", како и во Општина Пехчево, во дворот на Едукативниот центар за зачувување на природата во с.Негрево.

На јавната расправа учествуваа преку 45 учесници од различни државни институции и физички лица преку онлајн на ЗООМ платформата и 13 учесници во Берово и 12 учесници од Пехчево, кои следеа репродукција од јавната расправа во живо на горенаведените локации во Берово и Пехчево.

Во текот на постапката за прогласување на Малешево за заштитено подрачје се одржаа неколку средби со претставници на сопственици на приватни шуми во Берово. На состаноците од страна на претставници од Министерство за животна средина и просторно планирање, ЈП „Национални шуми" – п.о. Скопје, Фармахем и Македонско еколошко друштво, беа презентирани Законот за заштита на природата и Студија за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина, со предлог за формирање на Заштитен предел-Малешево и беше одговорено на поставените прашања од страна на претставниците на приватни шуми. Состаноците поминаа во работна атмосфера и обострано почитување.

По завршување на јавната расправа и вклучување на коментарите од јавната расправа, Министерство за животна средина и просторно планирање ја подготви Предлог-одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел, за која беше побарано мислење од релевантни државни институции преку електронскиот систем Е-влада.

По добивање на мислењата, Влада на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.286/21).

Во Одлуката е пропишано дека ЈП „Национални шуми“ – п.о. Скопје има обврска да изработи и донесе План за управување со заштитен предел согласно членовите 85 и 98 од Законот за заштита на природата и да донесе Годишна програма за заштита на природата согласно членот 98 од овој закон.

Врз основа на горенаведеното, постапката за прогласување на Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел е водена во согласност со Законот за заштита на природата во транспарентен процес со учество на засегнатите страни. Што се однесува до управувањето со подрачјето на Заштитен предел ,,Осоговски Планини'' и Заштитен предел ,,Малешево'', Влада на Република Северна Македонија на Педесет и четвртата седница, одржана на 21.6.2022 година, го задолжи ЈП „Национални шуми”-п.о. Скопје, во најкраток можен рок да донесе план за управување со подрачјето на Заштитен предел ,,Осоговски Планини'' и Заштитен предел ,,Малешево'', како и посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитените подрачја.

Истовремено, во рамките на Програмата за зачувување на природата (ПЗП) во Северна Македонија – излезна фаза, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) координирана од Фармахем од Скопје, а во соработка со ЈП „Национални шуми“-п.о. Скопје, како управувач со заштитеното подрачје Заштитен предел – Малешево, Македонското еколошко друштво (МЕД) од Скопје тековно спроведува активност за изработка на Нацрт-план за управување со Заштитен предел Малешево.

Планот за управување треба да биде изготвен во транспарентен процес со учество на сите засегнати страни со цел да и овозможи на ЈП „Национални шуми“ – п.о. Скопје интегрална и ефикасна заштита и управување со целото заштитено подрачје.

Врз основа на горенаведеното, Влада на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата поднесена од Здружение на граѓани (ЗГ) „Засегнати сопственици на недвижен имот“-Берово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.86/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-Заштитен предел, донесена од Влада на Република Северна Македонија под бр. 40-10735/1 од 14.12.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.286/21).

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наталија Кујунџиева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1725, за КО Кавадарци, на КП бр.10333, викано место/улица „Орце Николов“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Вељановски од Битола за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 6587, за КО Битола 5, на КП бр. 1589, викано

место/улица „Кафтанџица“ со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2104 за КО Бутел, КП бр.5999 на викано место/улица „Македонско-косовска бригада 18“ бр.9, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бардовци, на КП бр.682, викано место/улица „Бозелки“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.279 за КО Криви Дол, на КП бр.229/1, викано место/улица „Ушите“, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2114 и Имотен лист бр.42 за КО Бардовци, на КП бр.1222, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.13987, за КО Охрид 2, на КП бр.12033/1, викано место/улица „Никола Карев“ бр.43, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 93**

1. Владата ја именува Магдалена Филиповска – Грашкоска за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за македонска литература бр.02/88 од 14.4.2022 година, со која за директор на Јавна научна установа Институт за македонска литература, со мандат од 4 години се избира д-р Наташа Аврамовска, научен советник.

3. Владата го разреши Рухан Илази од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје, на негово барање.

4. Владата го разреши Игор Петков од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, на негово барање, поради судир на интереси.

4.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, ги именува:

- Фатима Салифоска и
- Иљаз Синаноски.

5. Владата ја разреши Лиридона Беќири-Лимани од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

5.1. Владата ја именува Јасмина Мајстороска за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

6. Владата ја разреши Александра Ангеловска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Битола, поради истек на мандатот.

6.1. Владата ја именува Марија Јовановски за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Битола.

7. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави:

1) Јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

2) Јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

3) Јавен оглас на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за труд.

4) Јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

**Точка 94**

**1.** Владата го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје да подготви и во рок од два дена до Владата да достави информација за реализација на Договорот за деловно-техничка соработка со Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД-Скопје.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другиот сопственик на деловен простор, во предложениот текст.

**3.** Владата го разгледа и даде согласност на Барањето на согласност за набавка на мебел за медицински потреби од ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни болести – Охрид, доставено до Владата под бр.20-6302/1

од 6.10.2022 година, имајќи го предвид позитивното произнесување од Министерството за здравство за приоритетноста од набавката.

**4.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник „23 Октомври“–Ден на македонската револуционерна борба“ ги донесе следните заклучоци:

1) Делегација во состав:
- Филип Николоски, заменик на министерот за финансии;
- Роберт Алаѓозовски, национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка и
- Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски,
да присуствува на положување свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежо цвеќе за делегациите според спецификација обезбедена од Одделението за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и цветно уредување на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

3) Се задолжува Одделението за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го организира протоколарното положување на цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

4) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи  и да обезбеди опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвена стаза).

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол да ја извести владината делегација и дипломатскиот кор за деталите за положување цвеќе и да го координира положувањето свежо цвеќе.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги презeме сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди непречено одбележувањето на празникот.

7) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот (покана до медиуми, пакет за испорака до медиуми).

**5.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за внатрешни работи за набавка на возила согласно планот за јавни набавки за 2022 година го усвои Барањето и даде согласност за набавка на седум патнички возила (Дел 1) и две патнички комбиња (Дел 2) за потребите на Одделот за заштита на определени личности и објекти и 20 интервентни возила (комбиња), со кои се врши транспорт на приведени лица.

**6.** Владата го задолжи Министерството за финансии – Царинска управа во рок од една недела, да достави Информација со Предлог-одлука за започнување соодветна постапка за воспоставување на систем за маркирање и следење на одредени акцизни производи, согласно препораките на Европската комисија.

Согласно ова, Одлуката за започнување постапка за воспоставување на систем за маркирање на горива, воспоставување електронски систем за следење и пронаоѓање на тутунски производи, систем за следење на алкохолни производи и пиво и систем за следење лекови, донесена на Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 октомври 2022 година, точка 78-Прашања и предлози, нема да се реализира.

**7.** Владата ја донесе Одлуката за обезбедување на финансиски средства на Агенцијата за електронски комуникации за 2022 година, во предложениот текст.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 29 септември 2022 година до 5 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 6 октомври 2022 година до 12 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 29 септември 2022 година до 5 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 октомври 2022 година до 12 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 29 септември 2022 година до 5 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**13.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 6 октомври 2022 година до 12 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до

Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**14.** Владата ги разгледа Информацијата за спроведена анализа на цените на огревно дрво и пелетите во Република Северна Македонија и Известувањето од Државен пазарен инспекторат за вонреден инспекциски надзор на сите трговци со пелети, како материјал за информирање.

Истовремено, го задолжи Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Информација со предлог- одлука за определување на највисоката цена на огревното дрво (од даб и бука) и на пелетите.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите за зајакнување на здравствената заштита на осудените лица, во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија, согласно Националната стратегија за развој на пенитенцијалниот систем во Република Северна Македонија 2021-2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за преземање мерки, активности, рокови за реализација и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола [Сметка за средства од Фондот 737 и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)], како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ИТ ревизија, како ревизија на успешност на тема „Функционалност на платформата за интероперабилност помеѓу институциите од јавниот сектор“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ИТ ревизија, како ревизија на успешност на тема „Функционалност на платформата за интероперабилност помеѓу институциите од јавниот сектор“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 98**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од Фондот 737), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ – Скопје да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители на имплементација за дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено

учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи 531) и Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје (Сметка за средства од Фондот 737) и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата, Министерството за здравство и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи за период од 1 јули до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот под бр.2 од точка 33 (Информација со анализа за примената на Законот за правда за децата, за период јануари-јуни 2018 година), донесен на Сто и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11 декември 2018 година.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревизорскиот извештај на Државен инспекторат за труд, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем за период од 1 април до 30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на АД „МИА“-Скопје за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за преземените активности по однос на прашањата кои се основа за „Мислење со резерва на ревизорот“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му укаже на Акционерското друштво да ја разгледа можноста за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото, со цел навремено и ефикасно извршување на ревизијата, подобро следење на состојбите во Друштвото и евентуална можност за добивање на поповолна понуда.

**Точка 104**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата го разгледа Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110–Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110–Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем за мониторинг на бучава“, како материјал за информирање.

Истовремено, го задолжи Министерството за финансии да преземе мерки за забрзување на постапките кои се спроведуваат преку Секторот за централно финансирање и склучување договори.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведувањето на прекршочните постапки во текот на 2021 година и изречените глоби од страна на Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на средствата од програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамките на Инструментот за претпристапна помош, ИПА II-прекугранична соработка за периодот јули-декември, 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата со споредбена анализа за потрошена електрична енергија од државните институции, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за посетата на министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи на Голо Брдо и Пустец и остварените средби со претставниците на Македонското национално малцинство во Република Албанија, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за поддршка на локалното население од редовите на Македонското национално малцинство во Голо Брдо и Пустец.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи, во рок од 15 дена да иницираат работна средба со претставници на надлежните институции на Република Албанија и средба на Мешовитата комисија за гранични прашања, на кои би се разгледале можностите за промена на работното време на ГП Требиште – Ѕепиште.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а му се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Ц.О, во рок од 60 дена да обезбедат донација помал половен булдожер за чистење на снег, камион со носивост од 3.5 тона за собирање на смет и 100 парчиња ЛЕД сијалици за улично осветлување.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена, да набави/обезбеди донација 30 пластични канти за собирање на смет.

5. Се задолжува Министерството за култура во рок 30 дена да набави/обезбеди донација 10 народни носии (5 машки и 5 женски) за потребите на играорната група од Пустец.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од 30 дена да набави/обезбеди 20 шпорети на дрва донација на училиштата во Мала Преспа и 150 училишни прибори и ранци за учениците од истите.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и Министерството за образование и наука, а му се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Ц.О, да обезбедат средства во своите буџети за 2022 и 2023 година за спроведување на овие активности предвидени со Акцискиот план.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост за 2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост за 2021 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост за 2021 година, во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2021 година (Бајрам Реџепи), во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2021 година (Александра Маројевиќ), во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2021 година (Дејан Цветаноски), во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Дигитален асистент за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија”-Државна помош, ја усвои и ја задолжи Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони во рок од три дена да номинира член за комуникација со компанијата Кодвел анлимитед.

**Точка 118**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:
1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија.

2. Се определува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Меѓуресорската работна група за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, како носител на буџетот за претседавањето со ОБСЕ во 2023 година, во текот на 2022 година да спроведе постапка за јавна набавка на проект за внатрешна адаптација и надворешно уредување на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје, со предмер и пресметка на потребните работи во согласност со потребите за успешна реализација на Министерскиот совет на ОБСЕ.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рамки на буџетот за 2023 година, да спроведе постапка на јавна набавка за изнајмување на ВИП возила, придружни возила и мини ван возила, потребни за одржување на Министерскиот совет на ОБСЕ во 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рамки на својот буџет за 2023 година, да спроведе набавка на потребната безбедносна опрема неопходна за одржувањето на Министерскиот совет на ОБСЕ.

4. Се задолжува Министерството за одбрана на Министерството за внатрешни работи да ги стави на располагање сите расположливи капацитети, човечки и материјално-технички средства во контекст на безбедноста при одржување на Министерскиот совет на ОБСЕ и да овозможи логистичка соработка со другите надлежни органи.

5. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди медицински персонал и возила за брза помош за времетраењето на Министерскиот совет на ОБСЕ во 2023 година.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рамките на буџетот за 2023 година, да ја спроведе постапката за набавка на градежни и други работи и услуги за реализирање на внатрешна адаптација и надворешно уредување на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје.

7. Се препорачува на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје, на Министерството за надворешни работи да му овозможи логистичка поддршка, асистенција и други материјални и човечки ресурси, за непречено реализирање на адаптацијата на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје.

8. Се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности во врска со издавање на сребрени пригодни ковани монети за подароци за шефовите на делегациите коишто ќе учествуваат на Министерскиот совет на ОБСЕ во 2023 година, согласно член 4 од Законот за пригодни ковани пари, а по повод организирањето на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ.

**Точка 120**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори со усогласен текст на петтата Програма за соработка во областа на образованието, науката и културата меѓу Република Северна Македонија и Италијанската Република за периодот 2022-2025 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Петтата програма за соработка во областа на образованието, науката и културата меѓу Република Северна Македонија и Италијанската Република за периодот 2022-2025 година.

2. Се овластува Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура да ја потпише Петтата програма за соработка во областа на образованието, науката и културата меѓу Република Северна Македонија и Италијанската Република за периодот 2022-2025 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**